Подобрување на социјалната инклузија на идентификуваните групи на деца и млади во ризик на Западен Балкан

Документ за јавни политики

Публикацијата е изготвена во рамките на проектот „Млади во ризик од социјално исклучување“ финансиран од Европската Унија. Европската Унија може да не ги споделува ставовите искажани во публикацијата.

Подобрување на социјалната инклузија на идентификуваните групи на деца и млади во ризик на Западен Балкан

НВО Јувентас
„Омладинских бригада“
81 000 Подгорица
Црна Гора

Превод на македонски јазик: Јулијана Мицова

Лектура на македонски јазик: Весна Костоска

Издавач: НВО Јувентас
Авторски права: НВО Јувентас, 2019

Сите права се задржани. Ниеден дел од оваа публикација не може да биде репродуциран, чуван во систем за репродукција или пренесуван во каква било форма и на кој било начин: електронски, механички, со фотокопирање, со снимање или на друг начин без претходна дозвола од сопствениците на авторските права.



Вовед ..... **Error! Bookmark not defined.**

Наоди ..... **Error! Bookmark not defined.**

Препораки 10

Повеќе од очигледна е недоволната интеграција на младите во регионот во системот за носење одлуки, тешката социоекономска ситуација, животот во земји каде што владеењето на правото не е целосно воспоставено, па одовде е зголемениот ризик од социјална исклученост. Во прилог на ова се и податоците за високите стапки на невработеност, малиот степен на младински активности на пазарот на труд, несообразноста на образованието со потребите на пазарот на труд, несоодветната социјална заштита, недоволното ниво на социјален активизам и учество, како и општата несигурност од недоволното владеење на правото.

Категоријата „млади луѓе“ вклучува категории изложени на посебен ризик од социјална исклученост кои, покрај отежнителните фактори од средината со која се соочува општата популација на младите, се обележани со дополнителни попречувачки околности поврзани со една специфична група со што се зголемуваат шансите од долгорочна социјална исклученост. Можно е овие фактори да потекнуваат од дискриминацијата во заедницата во која живеат, нефункционалната семејна средина, живот под границата на сиромаштија, средина без поттик и поддршка, искуства со употреба на дрога или конфликт со законот.

Групата здруженија на граѓани со долгогодишно искуство со поддршка на младите изложени на ризик од социјална исклученост се соединија за соработка на проект што има цел да ги подобри политиките и практиките на владините и граѓанските организации во однос на различните групи млади. Една од заедничките активности е регионалното истражување на условите во кои живеаат младите изложени на ризик од социјална исклученост на Западен Балкан. Во рамките на проектот поимот „млади во ризик“ ги вклучува следниве целни групи: млади и деца во конфликт со законот, млади и деца кои употребуваат дроги, млади кои живеаат во семејства во конфликт со законот и/или употреба на дроги, млади и деца со улично искуство, млади Роми и млади кои излегуваат од институции за формална грижа.

Документот претставува краток преглед на истражувањето кое имаше цел да:

1. ја истражи социјалната позиција на младите изложени на ризик преку системот за социјална заштита, здравствена заштита, образование, вработување и учество, притоа идентификувајќи ги проблемите на целните групи и можните причини
2. се истражат услугите достапни за младите изложени на ризик со цел решавање на проблемите и искоренување на социјалната исклученост
3. се создадат практични политики со препораки со цел да се потисне социјалната исклученост на младите изложени на ризик.

Документот претставува дел од проектот „Социјално зајакнување на младите во ризик“ поддржан од Европската Унија, а имплементиран во земјите од Западен Балкан во период од 45 месеци, од јануари 2016 до октомври 2019 година.

Проектот е координиран од Здружението на граѓани Јувентас со проектните партнери АРСИС (Албанија), Асоцијација Маргина (Босна и Херцеговина), ХОПС (Македонија), ЗГ Лавиринт (Косово), Превент (Србија) и Фондацијата СХЛ од Германија. Мрежата на наведениве организации ќе имплементира активности со цел да придонесат кон активно учество во социјалните процеси на младите изложени на најголем ризик од социјална исклученост на Западен Балкан.

Наодите и препораките претставени во документот се добиени по спроведеното истражување и можат да се применат за промоција на правата на младите изложени на ризик, но исто така и како основа за изработка на подобри политики, нови сервиси, стандарди во постоечките услуги што ги нудат граѓанските организации, вмрежување на активните институции и организации и зајакнување на државните институционални капацитети.

Земјите од Западен Балкан што припаѓаат на групата на земји со среден приход на Светската банка се соочуваат со ограничени ресурси. Реформите на системите за социјална заштита, здравствена заштита, инклузивно образование, кривични постапки за малолетници и извршување на кривични санкции се во тек во сите шест земји. Обврските за поддршка на целните групи потекнуваат од: уставот, законите, меѓународните стандарди и конвенции. Инвестирањето во сервисите во овие групи за земјите е финансиски оправдано, долгорочно гледано, а за повеќето од нив и неопходно.

Тековните ресурси не се користат соодветно. На децата и младите изложени на ризик од социјална исклученост им недостига неопходната поддршка. Идентификувани се неколку причини за тоа, односно не постои соодветен мониторинг на ситуацијата, ниту податоци за големината на популацијата, нивните потреби и предизвици. Како резултат на непостоењето на бројни податоци и нивна анализа, интервенциите ретко се скроени во согласност со реалните околности и потреби. Состојбата е особено видлива кај популацијата на деца и млади со улично искуство и деца и млади кои употребуваат дроги. Недостигот на соодветна поддршка во образованието, недостигот на позитивни мерки во вработувањето и недостигот на психосоцијална поддршка за семејствата се чести одредници за сите групи изложени на ризик од социјална исклученост.

Речиси во сите области не постои адекватен и транспарентен механизам за социјално договарање меѓу граѓанските организации и владите, но исто така во многу земји од Западен Балкан не постојат протоколи на соработка меѓу граѓанските организации и владините организации во областите поврзани со младите изложени на ризик. Постои очигледен проблем со непостоењето на вмрежување меѓу државните актери.

Проектниот тим изработи неколку препораки за подобрување на квалитетот на поддршката за секоја група изложена на ризик од социјална исклученост. Се работи за основните и заеднички препораки произлезени од процесот на изготовка на истражувањето. Додадени се референци за меѓународни стандарди по изработката на препораките. Подолу се претставени основните истражувачки резултати од сите земји учеснички во проектот, проследени со конкретни препораки.



Млади во конфликт со законот

» Системот за собирање податоци и за аналитички извештаи за деца и млади во конфликт со законот не е доволен. Оваа популација е невидлива за креаторите на политики. Непостоењето на податоци придонесува за нецелосни сервиси за популацијата, кои, пак, се суштински во процесот на планирање на интервенции.

» Ограничена е поддршката за менаџирање на психосоцијални и правни проблеми, како и на проблеми со однесувањето за време на полициски притвор, судска истрага и казнување. Сите овие проблеми водат кон зголемена стапка на рецидивизам, намалена доверба во државните институции и повисока стапка на социјална исклученост и маргинализираност.

» Постои недостиг на програми за рехабилитација и социјална интеграција или пак постојат несоодветни програми што, исто така, води до повисок степен на рецидивизам и социјална исклученост, како и повисоки стапки на предвремено напуштање на училиштето.

Деца и млади кои употребуваат дроги

» Системот за собирање податоци за малолетници кои користат дроги е недоволен. Потребно е овој проблем да се реши прв затоа што претставува основа за сите други проблеми. Невидливоста на популацијата води кон недостиг на соодветни политики и планирани интервенции, што предизвикува системска отсутност на квалитетни сервиси за популацијата.

» Постои недостиг на сервиси за третман и поддршка во јавниот сектор за малолетници кои употребуваат дроги. Овој проблем резултира со низок степен на успешно третирани малолетници и повисока стапка на малолетници кои употребуваат дрога.

» Постои недостиг на програми за поддршка (намалување на штети, психосоцијална поддршка, рехабилитација, социјална интеграција) за малолетници, како и соодветни програми за млади во јавниот и во граѓанскиот сектор. Со тоа се зголемува стапката на млади кои употребуваат дроги, но исто така и ризикот од загрозување на индивидуалното и на јавното здравје.

» Постои очигледен недостиг на политичка волја за соочување со потребите на децата и младите кои користат дроги, што е една од главните препреки во процесот на развој на квалитетни политики, како и ограничено финансирање на давателите на услуги што резултира со ограничени услуги.

Деца и млади од семејства во неповолна положба

- Системот за собирање податоци не е доволен. Популацијата е невидлива, што води кон недостиг на политики, планирани интервенции и имплементирани активности што, од друга страна, резултира со намален пристап до услуги и, конечно, неможност да се пресретнат специфичните потреби на популацијата.
- Оваа категорија деца и млади не е препознаена од страна на законот поради што семејствата не добиваат поддршка од јавните институции, факт што предизвикува намален пристап до социјална грижа и зголемен ризик од употреба на дрога, на криминално однесување, на бездомништво итн.
- Постои недостиг на програми за поддршка (психосоцијална, рехабилитација, социјална интеграција) во граѓанскиот и во јавниот сектор што, освен споменатото, води и кон повисока стапка на предвремено напуштање на училиштето.
- Постои очигледен недостиг на стручни лица меѓу давателите на услуги во граѓанскиот и во јавниот сектор, што резултура со намален квалитет на услугите. Исто така не постојат доволно обуки за давателите на услуги во оваа област.

Деца и млади со улично искуство

- Системот за собирање податоци е недоволен. Популацијата е невидлива, што води кон недостиг на политики, планирани интервенции и имплементирани активности, што предизвикува намален пристап до услуги и, конечно, неможност да се пресретнат специфичните потреби на популацијата.
- Законските и институционалните рамки за регулација не се доволно развиени. Популацијата во повеќето случаи не е препознаена од законот, па одовде не постојат институции што ќе работат со нив, со исклучок на Албанија. Дополнително, не постојат стратешки документи за справување со проблемот што води до изложување на децата и на младите на директни ризици и опасни ситуации, до долгорочна социјална исклученост и до екстремно неповолни животни услови.
- Постои недостиг на услуги како засолништа, психосоцијална поддршка, образование, социјална интеграција итн., што води до социјална исклученост, но исто така и зголемен ризик од трговија со луѓе и трговија на луѓе за сексуална експлоатација, насилство и други форми на злоупотреба, експлоатација, негрижа, употреба на дроги итн.
- Постои недостиг од одржливи решенија за услугите за младите без дом.

Деца и млади Роми

- Системот за собирање податоци е недоволно развиен, што предизвикува потешкотии при понатамошното планирање на подобрувањето на социјалните програми за младите Роми.
- Постои ограничен успех на програмите што целат кон спречување на предвремени бракови. Ова води кон зголемена стапка на тинејџерска бременост и предвремено напуштање на училиштата. Недостигот на родителска одговорност или компетенции води кон живот на улица или злоупотреба на сопствените деца.

» Постои ограничен пристап до услугите за оваа популација: здравство, образование, социјална заштита итн. Лишеноста од основни услуги води до неможност за личен развој, образование, стручно образование и обуки, вработување, домување, поизразени здравствени проблеми, почести предвремени бракови, употреба на дроги, сиромаштија, невработеност, недостиг на формално образование итн.
» Постои недостиг на превентивни програми поврзани со употребата на дрога и промоцијата на здрав животен стил меѓу популацијата што, од друга страна, води кон зголемен број на корисници на дрога и зголемена преваленца на СПИ меѓу младите Роми.

Млади кои излегуваат од институции за формална грижа

» Постои недостиг на податоци, особено во двете постконфликтни општества (Босна и Херцеговина и Косово). Непостоењето податоци води кон недостиг од сервиси за поддршка и политики, изложеност на директни ризици и штетни ситуации.
» Постои недостиг од доволен број програми за поддршка прилагодени според потребите на младите кои биле деца без родителска грижа, додека алокацијата на ресурси е ограничена. По напуштањето на формалната грижа, младите се оставени без сервиси за поддршка или пак постоечките сервиси се многу ограничени. Тоа води кон зголемен ризик од злоупотреба, улична ситуација, проблеми со законот, дискриминација итн.
» Постои ограничен број на алтернативи за институционална грижа.
» Постои зголемено побарување од поддршка по напуштањето на институционалната грижа во ситуација на ограничени капацитети за социјалните услуги.
» Во рамките на формалната грижа постои заштитничка средина како резултат на која младите не се доволно подготвени за независен живот откако ќе созреат. Тоа предизвикува зголемено барање за поддршка по напуштањето на институционалната грижа и придонесува за невработеност и социјална исклученост.



Деца и млади во конфликт со законот

- » Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика треба да создадат единствена или поврзана национална електронска дата база со податоци од социјалната евиденција, лична евиденција, кривична евиденција, мерки за третман и ресоцијализација, вклучително и условни казни и други алтернативни санкции.
- » Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика/ Националната агенција за статистика во сите земји од Западен Балкан треба да изработат статистички и аналитички извештаи од податоците од дата базите кои ќе бидат издавани на годишно ниво.
- » Потребно е да се спроведе истражување меѓу децата и младите во конфликт со законот со цел да се изврши мониторинг и евалуација на политиките и на праксите на институциите во однос на потребите на децата и младите во конфликт со законот.
- » Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование, Министерството за внатрешни работи треба да изградат посеопфатни механизми за поддршка на малолетниците и нивните родители/старатели за време на притвор, истрага, третман, санкција, условна казна и други алтернативни мерки (психосоцијална поддршка, бесплатна правна помош, справување со проблематично однесување, здравствена заштита и третман на зависности, родителски вештини итн.).
- » Министерството за правда треба да изгради посеопфатен механизам за поддршка за млади и за членови на семејствата за време и по притвор, истрага, третман, санкција, условна казна и други алтернативни мерки (психосоцијална поддршка, бесплатна правна помош, справување со проблематично однесување итн.).
- » Неопходно е владите и здруженијата на граѓани да гарантираат гласот на децата и на младите да биде ислушан и учество во процесот на носење одлуки со целосна почит кон достоинството и интегритетот.
- » Министерството за образование и Министерството за правда во соработка со другите релевантни државни институции треба да обезбедат задолжително образование и целосен пристап до средни училишта со различна специјализација за децата и младите во конфликт со законот.
- » Министерството за образование, Центарот за стручно образование и обука и Министерството за правда и/или другите релевантни државни институции треба да обезбедат стручни обуки во рамките на рехабилитацијата и на ресоцијализацијата на сите деца и млади во конфликт со законот при што ќе се поттикне учеството на здруженијата на

граѓани, организациите во областа на уметноста, на спортот и во другите области во согласност со најдобриот интерес на детето.

- » Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика треба да обезбедат имплементација на соодветни програми за рехабилитација за деца и млади во конфликт со законот.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди имплементација на програмите за социјална интеграција.
- » Секое дете, без оглед на религијата, националноста, расата, јазикот, хендикепираноста, здравствената состојба, сексуалната ориентација, родовиот идентитет, семејното потекло или другите лични карактеристики заслужува еднаков третман, без дискриминација при конфликт или контакт со законот.
- » При работата со децата треба да се почитуваат најдобриот интерес на детето и највисоките национални и меѓународни стандарди.
- » Потребно е да се обучат доволен број професионалци од разни институции за правата и потребите на децата и младите во конфликт со законот.
- » Надлежните министерства треба да креираат политики за превенција на малолетничка деликвенција, барем во согласност со Насоките за спречување на малолетничка деликвенција на ОН: „Насоките од Ријад“.

Деца и млади кои употребуваат дроги

- » Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика треба да создадат единствена или поврзана национална електронска дата база со податоци од социјалната евиденција, личната евиденција, медицинскиот картон, кривичната евиденција и третмани.
- » Министерството за здравство/Министерството за труд и социјална политика/ Националната агенција за статистика во сите земји од Западен Балкан треба да изработат статистички и аналитички извештаи од податоците од дата базите кои ќе бидат издавани најмалку на годишно ниво. Кога е возможно потребно е да се врши истражување меѓу децата и младите кои користат дроги со цел да се обезбеди мониторинг и евалуација на политиките и на праксите на институциите во однос на децата и младите кои користат дроги.
- » Министерството за здравство треба да ја подобри законската рамка со цел да се овозможи потребниот медицински третман и психосоцијална поддршка за малолетници кои користат дроги во согласност со интересот на детето.
- » Министерството за здравство треба да воведе соодветен медицински третман за малолетници, вклучително и опиоидна супституциска терапија (ОСТ) кога е потребно.
- » Министерството за здравство, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, треба да воведе соодветен третман, вклучувајќи и психосоцијална поддршка за малолетници кои употребуваат дрога и за семејствата, во согласност со меѓународните стандарди (како што се меѓународните стандарди за третмани од употреба на дроги на УНОДЦ и на СЗО).
- » Министерството за здравство и другите релевантни институции треба да обезбедат соодветна инфраструктура и капацитети за имплементација на наведените мерки, вклучително и човечки ресурси и годишен буџет за имплементација на политиките.

» Институциите треба да воспостават подобра меѓусебна мрежа; улогата на примарните здравствени институции, вклучително и педијатрите, центрите за социјална работа, институциите за образование и здруженијата на граѓани треба да се зајакнат.
» Министерството за здравство и другите релевантни институции треба да ги зајакнат капацитетите за рани интервенции.
» Владите треба да обезбедат имплементација на превентивните мерки во согласност со Меѓународните стандарди за превенција на употреба на дрога издадени од УНОДЦ во 2015 година.
» Здруженијата на граѓани и другите заинтересирани страни треба да ја зголемат свесноста за проблемите и за потребите на децата и младите кои употребуваат дроги.
» Здруженијата на граѓани и другите заинтересирани страни треба да ја зголемат видливоста на засегнатата популација.
» Неопходно е владите и здруженијата на граѓани да гарантираат гласот на децата и на младите да биде ислушан и да гарантираат учество во процесот на носење одлуки со целосна почит кон достоинството и интегритетот.
» Здруженијата на граѓани и другите заинтересирани страни треба ги зголемат капацитетите (студиски посети, обуки итн.) на клучните носители на одлуки со цел да се постигне сензитивизација.
» Надлежните министерства треба да ја зголемат финансиската помош за давателите на услуги, владини и невладини.

Деца и млади од семејства во неповолна положба (употреба на дрога и/или конфликт со законот)

» Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика треба да создадат единствена или поврзана национална електронска дата база со податоци од социјалната евиденција и друг вид евиденција во согласност со највисоките етички стандарди и приватност.
» Потребно е да се спроведе истражување меѓу децата и младите со потекло од семејства во неповолна положба со цел да се изврши мониторинг и евалуација на политиките и на праксите на институциите во однос на потребите на овие деца и млади.
» Министерството за труд и социјална политика треба да ги проценат проблемите и потребите на популацијата.
» Министерството за труд и социјална политика треба да изготви план и имплементација на интервенции и активности со цел да се зголеми социјалната грижа и поддршка за популацијата.
» Министерството за образование, со поддршка од Министерството за правда, од Министерството за труд и социјална политика и од Министерството за здравство, треба да создаде превентивен механизам со цел да се спречат ризиците од употреба на дрога, криминално однесување, бездомништво итн.
» Министерството за труд и социјална политика треба да примени пристап за поддршка на семејствата наспроти нивно казнување (како на пример автоматско присилно одделување од семејството).
» Министерството за образование треба да воведе стимулации за продолжување на образованието и менторски програми во основното и средноучилишното образование.

» Министерството за труд и социјална политика во соработка со Министерството за образование треба да обезбеди социјална вклученост преку изработка на наставни програми и имплементација на психосоцијална поддршка, рехабилитација, социјална интеграција.
» Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика треба да обезбедат соодветно надградување на капацитетот на сегашните и идните професионалци во нивното поле на работа.
» Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика треба да изработат современ наставен план за обука на давателите на услуги во согласност со најдобрите пракси и локалната средина.
» Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика во соработка со здруженијата на граѓани треба да обезбедат развој на квалитетни програми скроени според потребите на популацијата.

Деца и млади со улично искуство

» Министерството за правда и Министерството за труд и социјална политика треба да создадат единствена или поврзана национална електронска база на податоци за собирање и анализа на податоци кај сите категории на деца и млади со улично искуство.
» Потребно е да се спроведе истражување меѓу децата и младите со улично искуство со цел да се обезбеди мониторинг и евалуација на политиките и на праксите на институциите во однос на потребите на овие деца и млади.
» При собирањето и анализата на податоци, неопходно е да се следат наодите и препораките на УНХЦР за заштита и промоција на правата на децата кои работат и/или живеат на улица.
» Надлежните министерства во соработка со здруженијата на граѓани треба да воведат социјални и други сервиси за мапирање и за евалуација на тековните државни капацитети за поддршка на децата и младите со улично искуство.
» Министерството за труд и социјална политика треба да изработи и имплементира стратегии за децата и младите со улично искуство и да обезбеди буџет за нивна имплементација.
» Потребно е подобрување на законската рамка со цел да се обезбеди декриминализација на уличната ситуација и предвидување на координација и поделба на одговорностите на јавните институции кои работат со деца и млади со улично искуство.
» Неопходно е да се изработи сеопфатна програма со следниве сервиси за поддршка:
» образовни програми: часови за описменување и зајакнување од страна на Министерството за образование во координација со социјалните сервиси;
» социјални стимулации и социјално домување од страна на социјалните сервиси на локално ниво во соработка со релевантните локални актери;
» дроп-ин сервиси од страна на граѓанскиот сектор;
» програми за вработување, стручна обука од страна на Министерството за труд и социјална политика, на регионалните агенции за вработување и на локалните државни институции.
» Потребно е Министерството за труд и социјална политика да обезбеди собирање на податоци од сите сервиси.
» Државните сервиси и сервисите на здруженијата на граѓани треба да бидат поврзани.
» Државните сервиси и сервисите на здруженијата на граѓани треба да спроведат истражување за процена на потребите.

- Неопходно е владите и здруженијата на граѓани да гарантираат гласот на децата и на младите да биде ислушан и да гарантираат учество во процесот на носење одлуки со целосна почит кон достоинството и интегритетот.
- Потребно е Министерството за труд и социјална политика да креира и да имплементира социјални политики насочени кон намалување на бездомништвото.
- Потребно е да се отворат засолништа за бездомници со бесплатен оброк во земјите каде што не постојат.
- Неопходно е да се соберат податоци кои ќе се издаваат на годишно ниво.

Деца и млади Роми

- Потребно е Министерството за труд и социјална политика во соработка со другите надлежни министерства да обезбеди собирање на податоци за: здравствената заштита, образованието, вработувањето и социјалната заштита на децата Роми и на младите.
- Министерството за труд и социјална политика треба да спроведе истражување за процена на потребите на оваа категорија во соработка со здруженијата на граѓани.
- Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и Министерството за образование треба да спроведат кампањи за кревање на свесноста и градење на капацитетите на социјалните работници, и образовните и здравствени професионалци.
- Неопходно е да се воспостави јасна координација и поделба на одговорностите меѓу државните институции.
- Во локалниот и националниот буџет потребно е да се вклучат трошоците за теренска работа и работа во заедницата со цел спречување на предвремени бракови.
- Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди постојан мониторинг и евалуација на имплементацијата на програмите насочени кон давање на неопходните услуги.
- Потребно е да се додели буџет за имплементација на националните стратегии за Ромите.
- Министерството за здравство, Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика треба да спроведат кампањи за кревање на свесноста и градење на капацитетите на здравствените и образовните професионалци.
- Неопходна е имплементација на програмите во соработка со Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда, Јавното обвинителство, Полицијата и здруженијата на граѓани.

Млади кои излегуваат од формална грижа

- Министерствата за труд и социјална политика од сите земји од Западен Балкан треба да обезбедат собирање податоци и истражување за процена на потребите, во соработка со здруженијата на граѓани.
- Потребно е да се подобри соработката кај националните и локалните власти.
- Министерството за труд и социјална политика во соработка со надлежните национални агенции треба да изработи програма за поддршка на младите кои биле деца без родителска грижа и таа да се примени на локално ниво.
- Неопходно е подобрување на соработката меѓу националните и локалните јавни институции.

- » На младите кои биле деца без родителска грижа, владите треба да им обезбедат пристап до соодветно и бесплатно образование (вклучително и на високообразовно ниво), поддршка во образованието, здравје, вклучително и орално и ментално здравје, вработување, сместување во студентски домови, програми за домување, друг вид психосоцијална поддршка, вклучително и пристап до психотерапија и социјална помош кога се потребни.
- » Министерството за труд и социјална помош треба да обезбеди капацитет за поддршка на имплементацијата на програмите насочени кон социјална инклузија на младите кои ја напуштаат формалната грижа.
- » Министерството за труд и социјална политика треба постојано да го мониторира и да извршува евалуација на процесот на зајакнување на капацитетите на човечките ресурси.
- » Неопходно е постојано подобрување и развој на програмите и на механизмите за поддршка на семејствата, вклучително и финансиска поддршка, со цел да се спречи одвојување на децата од нивните семејства.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да го поддржи зајакнувањето на капацитетите на професионалците кои работат со деца и млади во формалната грижа.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да продолжи со напорите за подобрување и имплементација на политиките поврзани со деинституализација (како што се домовите за деца) и трансформација на установите за резиденцијална грижа (на пример во мали групни домови).
- » Неопходно е да се подобрат мониторингот и евалуацијата на формалната грижа и влијанието врз детскиот развој.
- » Децата/младите треба да бидат вклучени во процесот на носење одлуки за прашања поврзани со нив, во согласност со нивната возраст и зрелост.
- » Потребна е изработка, акредитација и имплементација на програми насочени кон стекнување на вештини и знаење неопходни за независен живот.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди учество на приватниот сектор, здруженијата на граѓани, врсничкото образование, спортските клубови, образовниот систем и другите релевантни институции во поддршката на транзицијата на децата кои живеат во установи за резиденцијална грижа во зрели личности.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди продолжување на плановите за транзиција до периодот по напуштањето на установите за резиденцијална грижа со учество на децата во нивната изработка.
- » Министерството за труд и социјална политика треба да го зголеми бројот на професионалци во формалната грижа за деца без родителска поддршка и во директната помош или социјална поддршка за младите по напуштањето на институционалната грижа.